Сојуз на борците од народно-
ослободителната и антифашисти-
чка војна на Македонија 1941-1945
ОПШТИНСКИ ОДБОР
Бр. 03-21
21.02. 1998 год.
РЕСЕН

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОДБОР НА СБ ОД НОАВМ
С К О П Ј Е

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

**за состојбата околу подготвувањето на Монографијата за Наум Веслиевски -Овчарот , Командант на Баталјонот "Мирче Ацев" -Прва регуларна воена единица на НОВ на Македонија**

Општинскиот одбор на Сојузот на борците од НОАВМ од Ресен во своите програмски активности од поодамна особено внимание му посветува на прашањето за издавање на соодветна публикација за животот и огромното револуционерно дело на прославениот командант на Битолско-преспанскиот партизански Народноослободителен одред "Даме Груев" и Баталјонот " Мирче Ацев ", кој всушност беше и прва регуларна воена формација на НОВ и ПОМ Наум Веслиевски - Овчарот, кој има особено значење и нагласена улога во ослободителната војна на Македонија, особено на Битолско-преспанскиот, Леринско-костурскиот простор, славната Дебарца, како и значаен дел од Источна Македонија.

Со намера за исполнување на нашата обврска кон споменатиот великан од Револуцијата, Општинскиот одбор на Сојузот на борците Ресен се определи изготвувањето на Монографијата за Наум Веслиевски -Овчарот да му ја довери на авторот Тодор Симовски, со кого на 17. мај 1990 година склучивме Издавачки договор со(сега починатиот) професор Тодор Симовски од Скопје, ( Улица "Руса Плавева" бр.6 )

Според споменатиот договор, авторот имаше обврска да изработи Монографија за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски-Овчарот, која во ракопис до 17. мај 1991 година требаше да му ја предаде на Општинскиот одбор на СБ Ресен. Меѓутоа, тоа за жал ниту до крајот на неговиот живот - почетокот на 1998 година не беше сторено.

Што се однесува до обврската на Сојузот на борците кон авторот, истата во целост и благовремено ја исполнивме а изнесуваше околу 6.000 германски марки во динарска и денарска против вредност.

На барање на авторот а со цел да се добие во квалитетот на монографијата прифативме рокот за предавањето на трудот во ракопис да се пролонгира за уште една година, односно до 17.05.1992 година, така да печатењето биде пред 6 јули 1992 година по повод 50- годишнината од формирањето на одредот "Даме Груев".

Авторот и оваа наша согласност за пролонгирање на рокот до 17 05.1992 година не ја исполни, туку повторно побара да се рокот пролонгира за уште една година, наводно, поради огромниот материјал што во земјава и надвор од неа требало да се провери и обработи а потоа монографијата ни ја предаде да ја печатиме и промовираме на 18 август 1993 година по повод 50 -додишнината од формирањето на баталјонот "Мирче Ацев" чиј командант, како на Одредот, така и на овој Баталјон беше Наум Веслиевски -Овчарот. Но ни овој рок и покрај нашата добра волја, разбирање, респект и толеранција од наша страна авторот не го испочитува.

Во целиот изминат период ( и подоцна ) следеа бројни состаноци на Претседателството и Комисијата за хроники и публикации, водени се усни и телефонски разговори како и писмени укажувања и молби до авторот за да се забрзаат работите и конечно завршат се со цел да се издаде монографијата.

Со писмена Изјава од 23 јули 1994 година Тодор Симовски се обврза дека монографијата ќе подготви и на Општинскиот одбор на Сојузот на борците Ресен предаде до крајот на 1994 година. И овој пат авторот не го исполни ветувањето.

Тоа не принуди на 21 април 1995 година да поднесеме тужба против авторот Симовски заради неисполнување на договорот,да побараме раскинување на истиот, повраќај на исплатените средства на име авторски хонорар и други материјални трошоци како и повраќај на сите материјали кои му беа предадени од страна на Општинскиот одбор на СБ Ресен и од Крсте Митревски ( зет на Наум Веслиевски - Овчарот).

На 12.12.1995 година одржа усна јавна расправа во Општинскиот суд во Ресен и се постигна судско порамнување според кое: Првиот дел од Монографијата за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски - Овчарот, авторот Симовски да го изработи и на Општинскиот одбор на СБ -Ресен му го предаде заклучно со 30.03.1996 година, а комплетната Монографија, заклучно со 30.06.1996 година.

Исто така, сите земени материјали за изработка на Моногра-

фијата како од Сојузот на борците, така и од Крсте Митревски да ги врати до 30.06.1996 година. Во противно договорот се раскинува и нема правно дејство, а Симовски да ги поврати сите парични средства што му се исплатени од Сојузот на борфите валоризирани и со процесна законска камата.

Во почетокот на април 1996 година , авторот Симовски на Сојузот на борците Ресен, му предаде само дел од вториот дел од трудот, додека првиот дел и остатокот од вториот дел, не го предаде ни до својата смрт ( јануари 1998 година).

Покрај тоа, не го предаде материјалот, не ни ги поврати ни средствата по Судското порамнување во износ од околу 6.000 германски марки во динарска против вредност, не ги поврати материјалите од: 1.Дане Петковски,

2.Крсте Митревски од Скопје

3.Вангел Шајновски,

4.Вангел Илиевски,

5.Ване Нечовски,

6.Васко Ангеловски

7.Дневникот на Наум Веслиевски -Овчарот ( дешифриран), како ни материјалите што ги прими од Крсте Митревски ( зетот на Овчарот).

На 23 декември 1997 година во Републичкиот одбор на СБМ -Скопје во присуство на Претседателот на Претседателството на РО СБМ - Борко Темелковски, потпретседателите Ќамуран Тахир, Феми Муча и членот на Претседателството Киро Ефремов, Претседателот на Претседателството на ОО СБМ-Ресен - Ѓорѓи Прцуловски и Ташко Ѓорѓиевски учесник во НОВ и носител на "Партизанска споменица 1941" од Преспа, воден беше разговор во врска со издавањето на Монографијата за Овчарот. Претставниците на Претседателството на РО СБМ, со оглед на здравствената состојба на Тодор Симовски, со најдобра намера изразија спремност да се вклучат во контактите со Тодор Симовски и семејството и помогнат целокупниот материјал во врска со Монографијата што се наоѓа кај сега починатиот Господин Симовски, му се предаде на Општинскиот одбор на СБ-Ресен.

Имајки го предвид горното, уште повеќе нашата чврста желба и решеност да што поскоро се издаде Монографијата за Овчарот, која се надеваме ќе биде една од ретките трудови поради фактот што Овчарот со својот одред и баталјон беше во центарот на настаните

во текот на НОВ. Затоа Ве молиме да стапите во контакт со семејството Симовски за да се изнајде компромис, според кој семејството Симовски ќе ни го отстапат материјалот подготвен од починатиот Тодор Симовски кој во ракопис е депониран во Сојузот на борците Ресен, преостанатиот дел од материјалот што се наоѓа во ракопис кај семејството Симовски, наведените материјали ( на страна 3.од оваа информација цитирани од 1-7) предадени на Симовски од Сојузот на борците Ресен, како и наведените материјали предадени од Крсте Митревски ( зетот на Овчарот).

Покрај тоа, што е одобено важно, да ни се пренесе и АВТОРСКОТО ПРАВО за сето напишано од авторот Симовски во врска со предметната Монографија, со тоа што Општинскиот одбор на Сојузот на борците Ресен ќе се откаже од вредносните побарувања кои изнесуваат околу 6.000 германски марки како и пропишаната камата.

Што значи, Општинскиот одбор на СБ Ресен, ако семејството на починатиот Тодор Симовски ни ги предаде во целост, нашите веќе споменати материјали, материјалите од Крсте Митревски, ни го отстапи материјалот кој е депониран во Сојузот на борците Ресен, материјалите кои се наоѓаат кај семејството-Симовски, како и ни го пренесе АВТОРСКОТО ПРАВО на целокупниот ракопис на Тодор Симовски за Монографијата на Наум Веслиевски -Овчарот и тоа во писмена форма Општинскиот одбор на СБ Ресен спремен е да се откаже од побарувањата по Судското порамнување.

Доставувајки ја оваа Информација, Ве молиме за Ваше вклучување и помош како не би воделе натамошни судски спорови со семејството Симовски на починатиот Тодор Симовски, а тоа секако би одело на штета на излегувањето од печат на Монографијата за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски - Овчарот, што не е наша цел.

ПРИЛОГ:-Издавачки договор ;
-Изјава од Симовски ;
-Тужба ;
-Судско порамнување ( фотокопии ).

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ОО СБМ -РЕСЕН

Претседател,

Ѓорѓи Прцуловски